Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 08-2495/4
14 MAR 2023
Скопје - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ за 2022 г.

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

"БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА"

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Повеќе организациски единици во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија

**Вид на програмата**

- ✓ **Хоризонтална**
- Вертикална

**Како програмата е поврзана со Националната стратегијата за родова еднаквост 2021-2026:**

Во Национална стратегија за родова еднаквост за периодот 2021-2026 предвидено е воспоставување на сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените.

Притоа, во поглавјето 13 "Родово базирано насилство" констатирано е дека жртвите на трговија со луѓе во Северна Македонија потекнуваат од земјава и од странство, претежно од Источна Европа, и се главно жени и девојки кои се експлоатираат за сексуална работа и работа во ресторани, барови и ноќни клубови. Мигрантите кои поминуваат низ земјата, исто така, се ранлива категорија.

Истовремено, во Стратегијата се препознава напредок кој државата го прави последниве години, но остануваат проблемите со капацитетите на структурите кои работат на овој проблем, односно недостатокот на значајни ресурси, финансии и персонал во полициските тимови и обвинителство за успешно справување со сите случаи на трговија со луѓе, недоволните капацитети за сместување и заштитата на жртвите, тешкотиите во идентификување на жртвите како и можноста од постоење корупција. За подобрување на состојбата во однос на трговија со луѓе, потребно е подобрување на капацитетите за проактивно идентификување и гонење на случај на трговија со луѓе, соработка со граѓански организации за овозможување заштита за жртвите на трговија со луѓе, подобрување на капацитетите за сместување на жртви на трговија со луѓе, подобрени обуки за сите засегнати чинители, како и

подобрување на механизмите за компензација на жртвите.

Националната Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција која има интеринституционален состав е формирана со цел да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на сите институции вклучени во борбата против трговијата со луѓе. Постои комбинирана надлежност на повеќе институции во справувањето со трговијата со луѓе и илегалната миграција и истите се координирани од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција.

Информираме и дека е донесена Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025 година.

## 2. Вовед

Трговијата со луѓе и илегалната миграција се сериозен проблем. Либерализацијата на сфаќањата и односите, ослободување на сексуалноста од стегите на примитивизмот и традиционалноста доведува до рапиден пораст на проституцијата, која нужно ја стимулира и појавата на криминалитетот трговија со луѓе. Трговијата со луѓе е криминалитет со историска димензија. Се јавува во сите етапи од развојот на општеството, адаптирајќи се кон постојните услови. Трговијата со луѓе е криминалитет на организираност и кршење на човековите права на лицата жртви на трговијата со луѓе, во кој, организаторите се стекнуваат со енормно високи профити прелетувајќи низа други криминални активности (перење пари, тргување со дрога, нелегално финансирање и сл.). Трговијата со луѓе е олеснета поради отворените граници и напредните комуникациски технологии, карактеристиката на испреплетеност на повеќе видови криминалитет, овој вид на организиран криминал го прави тежок за откривање, превенирање и сузбивање. Истовремено пак, илегалната миграција преку мешаните миграциски текови има тренд на зголемување и меѓународните криминални мрежи ја користат територијата на РСМ како транзитна земја, дел од западнобалаканскиот коридор за криумчарење мигранти со цел да стигнат до земјите дестинација во Европската унија.

## 3. Позадина/контекст

Со цел зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивањето на организираните форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе во 2018 година формирана е Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force). Истата е задолжена за водење на проактивни и реактивни истраги, разузнавачка дејност насочена кон рана идентификација на жртвите, детектирање и гонење на сторители собирање

сознанија за финансиски средства како и спроведување на финансиски истраги во содејство на ЈО и МВР.

Со потпишаната родово-буџетска изјава се предвидени следните аутпут индикатори:

1. Формиран оперативен тим (составен од жени и мажи), со предложени членови од различни институции (МВР, ЈО, МТСП, ЦЖТЛ) кој координира и управува со случаи на трговија со луѓе/идентификација на жртва и нејзиниот статус (број на случаи);
2. Подобрена идентификација на жртви на трговија со луѓе за 30% до 2025 година и подобрена ресоцијализација и реинтеграција на жртвите во безбедна средина;
3. Број на спроведени обуки, број на обучени полициски службеници (родово разделени), и % на стекнато знаење
4. Подготвени програми-модули односно донесени нови програми – модули за обука или ажурирани и усвоени, број на обуките и обучените лица и % на стекнатото знаење
5. Број на обуки и број на обучени работници во прифатните центри
6. Број на подготвениот и поделениот информативен материјал, број на информирани лица
7. 20% зголемување на ефикасноста во откривањето и гонењето на сторителите на кривични дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти, поднесени кривични пријави и најмалку 5 идентификувани жртви на трговија со луѓе.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

1. Националната комисија врз основа на Националната Стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 година, на седницата одржана на ден 11.04.2022год. **донесе Решение за формирање на Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус (Оперативен тим)** со бр. 10-279/1 од 19.04.2022 година. Врз основа на Решението на Комисијата, на состанокот одржан на 26.09.2022 година, Националната Комисија усвои Деловник за работење и постапување на Оперативниот Тим. Деловникот стапи во сила на денот на негово потпишување од страна на членовите, односно на првиот состанок кој се одржа на 17.10.2022 година. Задача на Оперативниот Тим е да ги координира и следи случаите на трговија со луѓе и врз основа на спецификите на кривично правниот настан го дефинира статусот и врши формална идентификација на жртвите;
2. По идентификуваните случаи од страна на МВР, поднесени се 5 известувања до ОЈО и 6 кривични пријави против 19 лица (6 женски и 13 машки).

3. Во 2022 година, за разлика од претходните години забележани се позитивни резултати во откривањето на случаи и кривичните дела трговија со луѓе и трговија со дете. Од страна на НЕСКМТЛ спроведени се 6 реактивни истраги.
4. Во текот на 2022 година, од страна на институциите и Оперативниот Тим задолжен за формална идентификација, идентификувани се 9 жртви на трговија со луѓе, од кои 8 женски и 1 машко лице:

<table>
<tr><th colspan="4">2022 година<br>ИДЕНТИФИКУВАНИ 9 ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ</th></tr>
<tr><td colspan="2">Деца<br>7</td><td colspan="2">Возрасни<br>5</td></tr>
<tr><td>Домашни<br>6</td><td>Странски<br>1</td><td>Домашни<br>1</td><td>Странски<br>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вид на експлоатација</td><td colspan="2">Вид на експлоатација</td></tr>
<tr><td>Присилен брак<br>6</td><td>Онлајн сексуална експлоатација<br>1</td><td>Присилен брак<br>1</td><td>Отстранување на органи<br>1</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потенцијални жртви на трговија со луѓе се 13 лица, (8 деца и 5 возрасни)<br>10 женски, 3 машки<br>од кои едно дете е идентификувано како потенцијална жртва помеѓу илегалните мигранти</td></tr>
<tr><td colspan="4">По идентификуваните случаи од страна на МВР, поднесени се 5 известувања до ОЈО и 6 Кривични пријави против 19 лица (6 жени и 13 мажи).</td></tr>
</table>

5. Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во своите извештаи располага со родово разделени статистички податоци во однос на идентификувани жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе како и сторители на кривични дела, но и за лица кои посетувале обуки. Исто така, обуките за родова сензитивност согласно препораките од ГРЕТА, најчесто се во рамки на основните обуки за трговија со луѓе каде е предвидена сесија за Родова перспектива. Обуките се организирани од страна на експерти/посебни советници за род и еднаквост.
6. Во 2022 година на стручни усовршувања од областа на трговија со луѓе (обуки за рано откривање идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе

и жртва на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви) учествувале 134 полициски службеници (36 жени и 98 мажи) од повеќе служби во МВР (одржани се 29 обуки, 5 конференции, 3 работилници, 2 состаноци и 2 студиски посети);

7. Изготвена е брошура со цел да се помогне на лицата да се заштитат од трговија со луѓе, да се информираат за достапните услуги и правата кои може да ги остварат на територијата на РСМ (брошурата е изготвена на 4 јазици македонски, ромски, албански и англиски јазик)

- Во рамките на МВР-Секторот за известување и координација на состојби функционира апликацијата „Red Button"–„Црвено копче" која им овозможува на граѓаните електронски да пријават одредено кривично дело, сознание или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза. Во 2022 година преку апликацијата нема регистрирани случаи со индиции за трговија со луѓе.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

Во рамките на буџетот на МВР на Република Северна Македонија преку буџетската програма Г2 се обезбедени средства за програмата "Борба против трговија со луѓе и илегална миграција", а воедно бидејќи повеќе организациски единици во рамиките на МВР се вклучени во активности за спроведување на програмата за таа намена се реализираат средства и со други програми од буџетот на МВР како и добиени донации.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Со програмата "Борба против трговија со луѓе и илегална миграција" Министерството за внатрешни работи на РСМ активно работи на имплементација на родово одговорно буџетирање. Во таа насока дојдено е до заклучок дека се потребни поголем број на обуки за полициските службеници во врска со зајакнување со капацитетите за навремено и ефикасно откривање и идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе и жртва на трговија со луѓе .

За реализација на програмата потребно е исто така континуирано работење за унапредување на меѓуресорската соработка, соработка со партнерите, меѓународни и невладини организации.

## 7. Заклучоци и препораки

Извештајот се фокусира на резултатите од Програмата "Борба против трговија со луѓе и илегална миграција". Во таа насока, за изминатата 2022 година се презентирани активностите во борбата против трговијата со луѓе и утврдување на моменталната состојба.

ОДОБРИЛ:
МИНИСТЕР ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ОЛИВЕР СПАСОВСКИ